# (Бес)конечни модели на расказот

Сања Михајловиќ-Костадиновска

Изданието е финансиски поддржано од Министерството за култура на Република Македонија

БИБЛИОТЕКА – **НАШЕ МААЛО**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**(Бес)конечни модели на расказот**

**Copyright © Сања Михајловиќ-Костадиновска 2018**

Лектура
**Ирена Ралева**

Јазична редакција
**Ѓоко Здравески**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Ликовно уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# (Бес)конечни
# модели на расказот

Бегемот

Скопје, 2018

# СОДРЖИНА


Почетнички раскази ........................................... 7

Ситни раскази ....................................................... 17

Деликатесни раскази ........................................ 31

Иритирачки раскази .......................................... 43

Патувачки раскази ............................................. 59

Вселенски раскази .............................................. 69

Суеверни раскази ................................................ 75

Функционални раскази ...................................... 81

Раскази за засолнување .................................... 99

Раскази-стапици ................................................ 103

Среќни раскази .................................................. 109

Несреќни раскази .............................................. 115

Раскази со среќен почеток, а тажен крај ... 123

За ракописот
„(Бес)конечни модели на расказот“ ............ 131

# ПОЧЕТНИЧКИ РАСКАЗИ

# МЛЕЧНО ЗАПЧЕ

Вaквиот расказ излегува ненадејно, но срамежливо за потоа да стане сигурен знак дека е време да се одбиеш од мајчината града и непосредно да го вкусиш светот што ти е даден. Те служи извесен број години и потоа го отстапува местото за некои покрупни и посериозни залаци. Од тие први, мали запчиња речиси нема да остане никаква трага, како и од сеќавањата за првите мазни, рапави, слатки, кисели, горчливи нешта.

# ЛИСТ, КАМЕН, НОЖИЧКИ

Овој расказ може да го гледате како триделен расказ во кој одделните делови формираат единство или, пак, како три непомирливи целини во постојана спрега, чиј антагонизам е всушност единствената обединувачка сила. Секој засебен дел истовремено се заканува да поништи друг дел, но неговата немоќ се состои токму во тоа што е ранлив пред третиот, преостанат дел. Нема дел што е надмоќен и доминантен и само постоењето на тоа тројство го овозможува совршениот баланс на сосема предвидливите можности.

## ВРТИМУШКА

Многу нестабилен расказ. Ротира околу својата оска – некаков лајт-мотив – успева да држи тензија одредено време и потоа спласнува. Мора постојано да му се дотура нова енергија, да се храни со егото на авторот, инаку, сосема ќе замре.